# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Четврток, 16.2.2012

СЗПМ

Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија


ДРАГИ АРГИРОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СЗПМ

# Не се користи мудроста на пензионерите



Александар С. Димковски

**Меѓу нас има академици, писатели, магистри, доктори на науки, многу чесни и стручни луѓе, неизвалкани со политика, кои сакаат да придонесат за развојот на државата**

Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија е најмногубројната невладина и мултиетничка организација во државата, која лани одбележа 65 години од своето постоење. Нејзините членови велат дека со доаѓањето на Драги Аргировски за прв човек на СЗПМ, излегле од повеќегодишната зачмаеност и летаргија. Така, сега на собирите и излетите што ги организираат има и над 4.000 луѓе, а весникот „Пензионер плус“ првпат почна да се објавува и двојазично, на македонки и на албански. Институтот „Хевреќа“ од Словенија неодамна го прогласи Аргировски за меѓународен експерт за трета доба.

**Европската заедница 2012-та ја прогласи за година на активно стареење и меѓугенерациска солидарност. Како СЗПМ ќе се вклучи во овие активности?**

-Секако дека тоа што го прави Европа ќе даде голем импулс на нашиот сојуз за збогатување на програмата за оваа година. Планираме нашата досегашна активност „Од вас - за вас“, каде што организираме дружба и излети за пензионерите, да биде уште поинтензивна и помасовна. Во рамките на тоа предвидени се посети на Битола, Радовиш, Маврово, Дојран, Поникаа, каде што очекуваме присуство на над 25.000 лица. На ваквите настани доволно е луѓето да се сретнат, да се дружат, да создаваат активни пријателства и на тој начин активно да стареат. Пример за манифестацијата „Благцето на баба“, што ќе се одржи во Велес, учесниците еден месец однапред размислуваа што ќе направат и потоа еден месец евоцираа спомени од таа средба.

**Велите дека дружењето е многу важно за поголема социјализација. Каде најчесто се собираат и го минуваат времето вашите членови?**

-Во државата има околу 400 клуба на пензионери во кои секојдневно влегуваат и излегуваат околу 150.000 пензионери. Не постои место во државата каде што има толкава флуктуација на луѓе. Тие таму доаѓаат да се дружат, да се информираат, на чај, кафе, партија шах итн. Со Црвениот крст правиме акција за посета на пензионери во домашни услови, каде што волонтери им носат весник, лекови и слично. Тие луѓе тој ден го прогласуваат за ден на среќата, бидејќи чувствуваат дека не се отфрлени од општеството. Со финансиска поддршка од австрискиот црвен крст и австриската агенција за развој, преку црвениот крст на Македонија имаме проект за грижа и нега на стари лица во домашни услови што се спроведува во Скопје, Велес и во Крива Паланка.

**Каква е состојбата со сместувачки капацитети за старите лица?**

- Во овој период најважно е да почне поголема имплементација на националната стратегија за стари лица со важност од 2011 до 2021 година. Таму се предвидува изградба на старски и пензионерски домови. Во изминатите 20 години не е направен ниту еден лежај, ниту во старските ниту во пензионерските домови, и има случаи луѓето да чекаат и по десет години да бидат примени во домови за пензионери. Во целата држава има само 341 место во домовите за пензионери, што е многу малку во споредба со вкупната бројка од 280.000 пензионери. Во државата има само четири старски домови со геријатрија, кои се за лица со нарушено здравје, и тоа во Битола, Прилеп, Куманово и во Скопје. Во цела источна Македонија нема ниту еден ваков објект. Ние имаме проекти за изградба на овие објекти и Владата треба да ги протажира и во годината да става барем два камен-темелници за нивна реализација. Заинтересирани сме да се донесе и закон за пензионерско организирање, со кој многу работи ќе се унапредат и ќе бидеме рамо до рамо со ЕУ.

**Впечаток е дека долги години наназад се практикуваше една политика или култура на маргинализација на оваа категорија граѓани. Дали и колку се користат знаењето и искуството на пензионерите кај нас?**

-Во периодот на транзицијата воопшто не се користеше умствениот потенцијал на СЗПМ. Ние направивме меморандум за соработка со Владата и со ЗЕЛС, во кој јасно кажуваме дека не сме задоволни од тоа колку се користи потенцијалот на пензионерите, бидејќи кај нас има академици, писатели, доктори на науки и многу чесни и стручни луѓе, неизвалкани со политика, кои сакаат да придонесат за натамошен развој на државата. Воспоставивме контакти и со градоначалниците и сакаме во комисиите каде што се расправа за проблематиката на пензионерите да има членови и од нашето здружение. Ваков пример веќе имаме во Крива Паланка, каде што општината донесе одлука на сите седници да присуствува наш член. Бараме да бидеме вклучени и во Економско-социјалниот совет, Фондот на ПИОМ итн.

**Кои се европските искуства на ова поле?**

- Еве да не одиме подалеку. Хрватска формира национален совет за стари лица во кој членуваат шест пензионери и шест претставници на власта. Претседател на овој совет е премиерот на државата и не може никој предлог на закон да се спроведе доколку не добие зелено светло од тој форум. Слични примери има и во Словенија, Србија, а да не зборуваме за Европа и светот. Треба да се сфати дека животот на пензионерите и повозрасните не завршува со пензионирањето, туку продолжува со тоа активно стареење.

**Како најголема организација на пензионери, кои се вашите приоритетни очекувања и барања од државните органи?**

-Да се подобри соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како и здравствената заштита на сите лица над 65 години и да им се врати старото право да не плаќаат партиципација за здравствено осигурување. Европска интенција е да се отвораат повеќе дневни центри за стари лица. Секако бараме, покрај редовното усогласување на пензиите, да има и вонредно зголемување како во 2008 година. Според ветувањето од Владата, оваа година тоа зголемување треба да биде 5 проценти, следната 7,5 проценти и во 2014-та да достигне до 10 проценти. На тој начин ќе се подобри соодносот меѓу просечната плата и просечната пензија, кој сега изнесува 50 проценти. Според европските стандарди, сè што е под 60 проценти води кон сиромаштија. Ние како сојуз бараме и зголемување на бројот на вработувања, со што би се зголемиле и средствата во Фондот на ПИОМ.

## Ќе организираме Балканска олимпијада

Ова година ќе се одржат 17-те Републички спортски натпревари во кои активно ќе бидат вклучени околу 15.000 пензионери-спортисти. Планираме во текот на оваа или идната година да организираме и Балканска олимпијада, на која ќе учествуваат сите соседни земји, што практично е проект на Европската заедница. Идејата е тоа да бидат игри во сала во 11 дисциплини. Веќе имаме добра соработка и поддршка за една таква активност од Словенија, Србија, Хрватска, Албанија и од Италија, а планираме да разговараме и со Бугарија, Турција, како и со Грција.

*Вовед*

## Зошто „Видици“

Колку ни значат постарите? Во зависност од соговорниците постојат и различни одговори. Но оние што имаат деца за чување, се невработени, стечајци, социјалци и зависат од пензијата на баба и дедо, без двоумење ќе ви речат - многу. Нивните приходи, какви-такви се барем сигурни, во услови на економска криза, невработеност и висока стапка на сиромаштија.

Со 240.000 члена Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија е и најголемата невладина, неполитичка и мултиетничка организација во земјата. Европската Унија токму 2012-та ја прогласи и за година на активно стареење и солидарност меѓу генерациите. Зашто животот не завршува на 60 години и овие луѓе и потоа имаат што да понудат. „Нова Македонија“ како прв дневен весник со најголема традиција во државата уште пред седум години прва им подаде рака на постарите. Во јануари 2005 година токму во „Нова Македонија“ се објави првиот број на прилогот „Пензионерски видици“, наменет за пензионери и постари лица, со што почна разбивањето на информативниот мрак за оваа проблематика. Тој прилог беше и првиот печатен информатор во историјата на пензионерското движење во Македонија. Благодарение на него по четири месеци почна и емисијата „Трета доба“ на Македонската радио-телевизија и полека почна да се освојува информативниот простор. Сегашното возобновување и редизајнирање на прилогот се само продолжување на она што го почнавме пред седум години. Голем дел од овие луѓе се носители на изградбата на државата, чија мудрост, искуство и потенцијал во периодот на транзицијата речиси и воопшто да не се користеа. Состојбата е подобрена во последние години, кога се воведоа бесплатен градски превоз и бесплатна бања, се зголемија пензиите итн. Но дали овој вид помош е доволен - ако не се подобри општествената комуникација со нив. Што е она што ги тишти, зошто за место во старските домови се чека и по десет години, имаат ли бесплатни лекови, како активно да се вклучат во секојдневниот живот, се само некои од темите за кои ќе проговориме токму тука во „Пензионерски видици“. И тоа не од втора или од трета рака, туку директно од нив самите. Зашто ова е пред сè нивни прилог, чии страници и содржини самите ќе ги полнат и осмислуваат.

Ете затоа - „Пензионерски видици“. Како наш придонес во заедништвото, традицијата, грижата кон постарите и удел во европската иницијатива и визија во годината на солидарност и активно стареење.

А.С.Д

ФАКТОГРАФИЈА НА СЕМЕЈСТВАТА АЖИЕВЦИ

# Семејно стебло на виделина

Ц. Илиева




Сте помислиле ли некогаш да направите семејно стебло? Знаете ли што се случувало неколку генерации station наназад во вашата фамилија? Еве една провокација од пензионерот Гапе Галев Ажиески, роден во Галичник, а живее во Скопје. Во почетокот можеби ќе ве интересира да дознаете како се нафатил на оваа обемна и долготрајна работа?

Неговиот бурен животен пат не му дозволил од рани нозе да ја осознае историјата на неговото потесно и пошироко семејство, животите на неговите предци, коренот на фамилијата на браќата Тризлевци, односно денеска Ажиевци. Отворањето на едно сандаче со документи, тапии во старата куќа во Галичник пред многу години и пронаоѓањето на првиот учебник на Партениј Зографски „Свештена историја“, како и други црковни книги го поттикнале и почнал длабоко да размислува за корените и историјата на неговото потесно и пошироко семејство. Желбата да дознае што повеќе била огромна, па затоа сите години по тоа секое слободно време Гапе Галев го користел за да се посвети на ова истражување. Имал желба да го најде најситното камче од мозаикот на семејството Ажиевци. Проникнал длабоко во корените на семејствата, а со самото тоа го оживеал споменот на сите големи луѓе, прадедовци, баби, стриковци, печалбари, учители, доктори...

„Не поради друго, туку мислам дека е човечки и убаво е да си ја знаеш фамилијарната култура, традицијата, корените“, истакнува Гапе Галев, раскажувајќи ни за мотивите за оваа обемна работа.

„Сето ова го направив со единствена цел, продолжува Гапе, да им оставам на идните генерации сознанија за тоа кои се, што се, од каде се, зашто, како што вели историјата, човекот без минато е човек без иднина“.

Го замоливме да ни раскаже и за времето и трудот потребни за да настане ова дело. Ни потврди дека пишувањето за лозата од која потекнува опфаќа голем временски период, дека тоа е макотрпна и одговорна задача.

„Уште поголема, па дури и историска е задачата да се направи истото за својот роден крај, за своето родно место, особено ако се знае дека истото е одамна напуштено, а неговите огништа се одамна изладени и замрени“, продолжи Гапе. Незапирливиот миграциски процес село - град, како и брановите печалбари, кои во потрага по подобар живот и парче леб ги напуштија своите домови, предизвикаа разретчување, па и целосно иселување на селата од малореканскиот предел и од цела западна Македонија. Таква судбина ги снајде Галичник, Селце, Росоки, Осој, Гари, Лазарополе и други. Заботот на времето ги нагриза и ги изеде сликите за секојдневието од овие краишта. Трагите се речиси избришани, а ни останаа само спомените. Водејќи се токму од оваа мисла, пензионерот Гапе решил сето она што немоќно трепери подложно на заборавот да го овековечи во книгата „Фактографија на семејствата Ажиевци“. Се надева дека ќе остане како траен пишан и сликовит документ за идните генерации, како и една скратена временска хроника, која опфаќа случки и настани од 14 до 21 век.

Гапе Галев Ажиески на крајот ја изрази надежта дека оваа книга нема да им се најде само на членовите од неговото семејство за да проникнат подлабоко во своите корени и историја, туку ќе им послужи и на сите заинтересирани галичани и негаличани каде и да се.

ЗП ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



## Катче за пензионерите

На пригодна свеченост во „Ѓорче Петров“, претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељановски и градоначалникот на Општината Сокол Митровски го дадоа во употреба новиот Центар за култура. На свеченоста како гости присуствуваа градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, со соработниците.

По овој повод градоначалникот Сокол Митровски изјави:

- Пензионерите мора да го имаат своето место во општеството, да бидат почитувани, да имаат достоинствен третман и да бидат на сите почесни места кога се чествува, кога се празнува, кога се одлучува, кога се разговара за иднината и за судбината на нашата држава. Таму им е местото на нашите пензионери, затоа што кај нив е и искуството и мудроста и знаењето.

Во Културниот центар свое катче ќе има и Здружението на пензионери „Ѓорче Петров“, со што ќе се создадат услови за одвивање на културно-забавните активности на пензионерите. Во Програмата за работа на ЗП Ѓорче Петров, меѓу другото се предвидува да бидат формирани: хор, оркестар, пејачка и играорна секција, кои ќе работат во составот на КУД „Григор Прличев“. За успешна и стручна подготовка на секциите во сорабоотка со градоначалникот на Општината ќе бидат ангажирани стручни лица.

П.Н.

ОД ПРОГРАМАТА НА СЗПМ

# Очекуваме нови рекорди

Калина Сливовска-Андонова

Главна и основна грижа и определба на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија е да обезбеди што поквалитетен живот и социјална сигурност за пензионерите, како и да поттикне и да помогне во решавањето на проблемите што се јавуваат кај луѓето во третата животна доба. Сето ова е вградено во статутот на СЗПМ и имплементирано во програмите на сите 55 здруженија на пензионери, колку што ги има во Сојузот, како и во програмата на СЗПМ за 2012 година. Раководството на СЗПМ уште при креирањето на овој значаен документ првенствено ги имаше предвид потребите на членовите, потенцијалот со кој располага оваа најмногубројна асоцијација во Македонија со големи можности поради долгогодишното акумулирано искуство и знаење, а со цел проширување и интензивирање на активностите. Притоа не заборавајќи ги европските начела и препораки за активно стареење. Анализата на програмата за 2012 година покажува дека со добра организација и дејствување на органите и телата на сите нивоа ќе има резултати и постигнувања.





Според програмата, активностите и постигнатите резултати и оваа година континуирано ќе продолжат со уште позасилено темпо. Причина повеќе за тоа е и влегувањето во годината што Европската Унија ја прогласи за година на активно стареење и меѓугенерациска соработка и солидарност. Во таа насока, а според зацртаната програма, раководството на СЗПМ презема мерки и активности со кои настојува да обезбеди што помасовно учество и вклученост на сите 248.000 пензионери во исполнувањето на целите и ползувањето на придобивките од дејствувањето. Заложбата за остварување на минатогодишното промовирање на акцијата „Од вас - за вас“, оваа година и понатаму продолжува. Со дејствувањето сојузот прави вистински и реални напори европската иницијатива и заложба за олеснување на староста кај највозрасната популација на населението да заживее и да се воспостави принципот на живот со активно стареење.

Иако се наоѓаме на самиот почеток, веќе еден дел од зацртаното во програмата за 2012 година се реализира. Во таа насока се интензивира соработката со Министерството за труд и социјална политика и со ФПИОМ.

Исто така се прават напори за средување на евиденцијата на членовите пензионери во нивните матични здруженија. Се работи на изготвување на предлог-закон за пензионерското организирање во Македонија како посебен закон, кој оваа многубројна асоцијација на граѓани го заслужува.

Според програмата за 2012 година, се работи пензионерските проблеми и права да бидат присутни во сите акти на сите нивоа, од локалната самоуправа, па сè до Собранието и Владата на Република Македонија. Како година на активно стареење, активностите ќе бидат збогатени со размена на искуства и меѓугенерациска соработка по сите прашања од пензионерското живеење.

Според програмата, ќе се работи на изградба на нови сместувачки капацитети за стари лица, но и на пензионерски домови, центри и клубови за дневен престој. Потоа следење на активностите и преземање мерки за остварување поквалитетна здравствена заштита на пензионерите; промовирање на поголема соработка на локално ниво, односно меѓуопштинска соработка во извршување на активностите на здруженијата на пензионери во заштита на старите лица.

Во 2012 година и понатаму ќе се организираат регионалните и републичката 17-та по ред Пензионерска спортска олимпијада, како и десеттите јубилејни Фолклорни ревии на песна, музика и игри.

Ќе се посветува внимание и на квалитетното информирање, како и на соработката со печатените и електронските медиуми. Исто така, ќе се поттикнува и издавачката дејност, и тоа како индивидуалната така и на здруженијата на пензионери, во вид на билтени, информатори, весници и монографии. Во врска со ова ќе биде одбележан и 50 број на весникот „Пензионер плус“.

Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија ќе соработува со сите невладини организации, како што е Црвениот крст и други, со кои има допирни точки. Потоа со институции на државата со кои и досега соработуваше, но во наредниот период таа соработка, според програмата, ќе биде интензивирана, за да може пензионерите со своето искуство и мудрост да го имаат заслуженото место.

Големо внимание ќе ѝ биде посветено и на меѓународната соработка со сојузи и здруженија од соседните земји и пошироко, а со цел да има размена на искуства со земјите од Европската Унија. И оваа година Сојузот на здруженија на пензионерите ќе соработува со институтот „Хеврека“ од Љубљана, а ќе учествува како и претходните години на фестивалот „Трета доба“, кој се одржува во Љубљана и има меѓународен карактер.

Сè на сè, во програмата на СЗПМ за 2012 година планирани се амбициозни проекти, кои ќе го афирмираат сојузот во земјата и надвор од неа, но и ќе придонесат за подобар живот на пензионерите и старите луѓе во Македонија, живот каков што заслужуваат поради својот придонес некогаш и денес.

# Поголема меѓусебна доверба и разбирање

Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија (СЗПМ) има воспоставено блиски релации и негува добра соработка со Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија (ФПИОМ). Соработката помеѓу овие субјекти особено се засили и се зацврсти со доаѓањето на новото раководство на СЗПМ, на чело со претседателот Драги Аргировски, како и со новиот генерален директор на ФПИОМ, Беким Незири. Интензивирањето на контактите и заедничкиот пристап во решавањето на актуелните прашања и проблеми на пензионерите минатата година ја исполнија со забележителни постигнувања во повеќето области на нивното ангажирање. Двете страни и оваа година ја почнаа со кратки меѓусебни средби на тесните раководства, кои при крајот на јануари организираа мошне значајна средба во проширен состав, на која, покрај раководствата, присуствуваа сите претседатели на здруженијата на пензионери на Македонија, членки на сојузот.

Средбата се одржа на иницијатива и во организација на Фондот на ПИОМ, а со цел зајакнување на соработката и воспоставување поблиски релации и разбирање во решавањето на актуелните прашања. Притоа се нагласи дека основната цел е да се создадат поповолни услови и порелаксирана атмосфера во надминувањето на проблемите, за да можат корисниците на пензија вистински да ги уживаат правата што ги стекнале додека работеле.

Притоа се констатира потребата од воведувањето практика за месечно состанување на раководствата од двете страни и ангажирање за непосредно решавање на актуелните проблеми. Исто така, на средбата беа назначени основните придобивки од воспоставувањето ваков принцип на соработка, кој овозможува поцелосно меѓусебно информирање, согледување на проблемите и квалитетно решавање. Како најгорливо прашање се истакна утврдувањето на евиденцијата за вистинскиот број пензионери по општини, за што е договорено заедничко настапување, бидејќи оттаму потекнуваат многу недоразбирања и незадоволства во здруженијата при распределбата на средствата од членарината.

Се очекува да се воведат нови релации што ќе го исполнат заедничкиот интерес и ќе создадат поголема доверба и меѓусебно разбирање, како и координирање и помагање во согледувањето и решавањето на актуелните пензионерски прашања.

Во Фондот на ПИОМ слична средба се одржа и со раководствата на трите сојузи на здруженија во кои членуваат инвалидски пензионери.

М. Д.







# Министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски во посета на СЗПМ

Министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски, придружуван од своите непосредни соработници, на 2 февруари оваа година го посети Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, при што разговараше со најтесното раководство за повеќе актуелни прашања и проблеми од интерес на пензионерската организација.

Истакнувајќи го задоволството за добрата соработка со Министерството, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, го запозна министерот со основните активности на сојузот и здруженијата на пензионери на Македонија и ги нагласи главните цели во остварувањето на програмата за оваа година. Меѓу другото, како приоритет ја истакна потребата за донесување посебен закон за пензионерското организирање.

На средбата стана збор и за недостигот од пензионерски и старски домови, како и за нееднаквиот третман на сопственоста над истите.

Од министерот Спировски беше побарана и конкретна информација за зголемувањето на пензиите во 2012 година, но и во наредните години, а стана збор и за можноста за подобрување на односот помеѓу просечната плата и просечната пензија, бидејќи тоа директно негативно влијае врз стандардот на пензионерите, како на старосната така и на семејната и инвалидската.

На средбата се дискутираше за заедничко дејствување и соработка на здруженијата и центрите за социјална работа по општините, со цел да се заштитат старите луѓе што од разни причини станаа цел на насилство од секаков вид, особено во руралните средини.

По повод одбележувањето на 65-годишниот јубилеј на пензионерското организирање, а како поттик и во знак на добрата соработка со Министерството за труд и социјална политика, претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, на министерот Спиро Ристовски му врачи благодарница.

К. С. А.

СРЕДБА СО ДОНЕ ТОДОРОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА ЗП КИСЕЛА ВОДА

# Сакаме организирани и задоволни пензионери



Христо Марковски

*Доне Тодоровски веќе втор мандат е претседател на Собранието на ЗП Кисела Вода. Во април минатата година со акламација е избран за прв човек и е еден од постарите членови во раководството на пензионерското организирање. Истовремено е член на ИО на СЗПМ и како што вели, успева да одговори на сите барања, особено застапувајќи ги интересите на пензионерите од Кисела Вода пред високиот републички орган и давајќи целосна поддршка на иницијативите на СЗПМ за реализирање на приоритетните задачи на пензионерската организација.*

**Ги усвоивте финансискиот план и програма за работа за годинава. Што е главно опфатено и кои се насоките?**

- Согласно на финансиските можности е направена програмата за работа на ЗП Кисела Вода. Таа е поделена во две области.

• Првата е заштита и унапредување на правата и интересите на пензионерите. Тоа подразбира следење, проучување и разгледување на законските права на пензионерите, како што е редовна исплата на пензиите и можност за нивно зголемување, создавање подобра социјална состојба, полесно и поквалитетно снабдување со лекови и друго.

• Втората област опфаќа подобрување на квалитетот на животот на пензионерите. Тоа значи унапредување на спортскиот живот, рекреацијата, културно-уметничките активности со цел активно и креативно делување и во третата доба. Не помалку важна е поддршката на иницијативите за еколошки и рурален развој, каде што пензионерите со своето знаење и искуство ќе помогнат во реализацијата на конкретни цели, како пошумување и слично.

**Вашето здружение делува во 4 општини, Кисела Вода, Сопиште, Зелениково и Студеничани и има 12 ограноци. Каква е соработката со локалната управа?**

- Здружението и годинава ќе ја продолжи соработката со локалната самоуправа, за што всушност е потврда и Меморандумот за соработка на СЗПМ со ЗЕЛС. Тоа подразбира поттикнување на активностите за решавање на актуелните проблеми на пензионерите, односно создавање просторни услови за работа на ограноците, заедничка грижа за изнемоштени лица, хуманитарна помош на социјално загрозени, помош на лица со хендикеп, снабдување со лекови и заедничко одбележување значајни настани и датуми за општините. Просторните проблеми главно се решени, останува само оној на Студеничани. Се надеваме дека ќе се најде начин не само таму, туку и сите ограноци да имаат одлични услови за работа и делување. Кога сме кај соработката, би ја спомнал и таа со Црвениот крст во насока на зголемување на грижата кон старите и осамени лица и организирање хуманитарни акции. Не ја исклучуваме соработката и со другите од невладиниот сектор.

**Да се надоврземе на последново. Продолжувате ли со вообичаените активности и она што можеби е поразлично, годинава во Ваша организација се и регионалните спортски натпревари?**

- Секако. Одобрени се средства во висина од 180 илјади денари за помош на социјално загрозени. Станува збор за пензионери со ниски примања и со нарушено здравје. И натаму ќе партиципираме со 50 насто учество за бањско-рекреативно лекување. Ќе се врши мерење на притисок и шеќерот во крвта. Планирани се еднодневни патувања низ Македонија, промовирање разни хобија, доделување благодарници и дипломи како поттик за активности и вклучување во социјалниот живот и по пензионирањето. Ќе делуваме и во насока на информирање на членството што е мошне важно за брзо донесување одлуки и помош во извршувањето на поставените задачи. Не очекува учество на културно-забавните ревии на ниво на региони и држава. Се подготвуваме и комисиите во ограноците активно работат. Годинава, како што рековте, сме домаќини и организатори на регионалните спортски натпревари, на кои ќе учествуваат пензионери од Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Ни претстојат подготовки за се да помине најдобро. Во Ограноците веќе има тренинзи по дисциплини на кои ќе се натпреваруваат.

**Мошне организиран е и Активот на пензионерки. Ќе продолжат ли да делуваат на повеќе полиња?**

- Очекуваме нивна зголемена активност. Сакам во оваа прилика да ги истакнам пензионерките од ограноците Цветан Димов, село Драчево и Пржино кои треба да дадат поттик и за другите ограноци да се организираат и делуваат на сите полиња. На пример, пејачката група од Пржино е застапена и на електронските медиуми. Пред нашето многубројно членство претстојат и други активности за кои се надевам дека ќе зборуваме во наредна прилика.



# За пензионерите и годинава климатска-бањска рекреација

М. Димовски

Во рамките на програмските активности за обезбедување социјална заштита и сигурност на старите лица во 2012 година, Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика и оваа година продолжуваат со реализација на Проектот за бањско-климатска рекреација на корисниците на пензија. Од 14 јануари до 15 февруари траеше јавниот повик, а интересот кај пензионерите и овој пат беше голем. Пријавувањето на кандидатите се вршеше преку подрачните единици на Фондот на ПИОМ, а комисијата на Министерството за труд и социјална политика треба да изврши соодветно компјутерско рангирање.

-За реализација на овој проект годинава се обезбедени средства со буџетот на Република Македонија и во зависност од интересот постои можност од дополнително проширување на опфатот на пензионери - истакна Спиро Ристовски, министер за труд и социјална политика, нагласувајќи дека лицата–корисници на пензија што во 2010 и 2011 год. користеле бањско-климатска рекреација не може оваа услуга да ја користат и во 2012 година.

Според условите за користење на услугата за бањско-климатска рекреација, може да ја користат корисници на старосна, инвалидска и семејна пензија остварена според прописите на Република Македонија и прописите на други држави со кои Република Македонија има склучено договор за социјално осигурување, а кои ова право го стекнале заклучно со октомври 2011 година. Услугата може да се користи еднаш, во период од 19 март до 30 ноември 2012 година, во траење од 7 дена, и опфаќа 6 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно), бањска терапија, еден задолжителен здравствен преглед и трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење на корисникот до установата во која ќе се користи услугата на бањско-климатската рекреација. И годинава услугата за бањско-климатска рекреација ќе се остварува со правни лица регистрирани за вршење услуга за бањско-климатско лекување, со кои Министерството за труд и социјална политика ќе склучи договор како и во претходните години, и тоа со: здравствената установа-природно лекувалиште „Негорски Бањи“ АД Негорци, Гевгелија, друштвото за бањски туризам и телесна рехабилитација „Дебарски бањи Цапа“ АД Дебар, друштвото за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација „Катлановска Бања“ ДОО Катланово и здравствената установа АД „Цар Самоил“, село Банско - Струмица. Претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Драги Аргировски, оцени дека е добро што овој проект продолжува, а интересот кај пензионерите за бањско-климатска рекреација е голем, бидејќи овој престој е добар за нивното здравје, а притоа тие се дружат и склопуваат нови пријателства, што им го прави животот поубав и поисполнет.

Директорот на Фондот на ПИОМ, Беким Незири, истакна дека во реализацијата на овој значаен владин проект, во кој се вклучени пензионери со најниски примања, значајно место зазема и Фондот на ПИОМ, со што активно учествува во развојот и унапредувањето на активностите поврзани со прашањата од секојдневниот живот на пензионерите.

# Ограноците во фокусот на вниманието

Познато е дека пензионерите се организирани во основни клетки. Тие во статутот на здружението на пензионери-Куманово се именувани со ограноци на пензионерите, кои потоа формираат сопствени раководни органи на општинско, односно регионално и републичко ниво, заради остварување заеднички интереси на пензионерската асоцијација.

Од ова произлегува определбата посебно внимание да се посвети на работата на ограноците. Ако се активни, ако ги анализираат и ги остваруваат интересите на членството, во такви околности може да се говори за успешност во остварувањето на програмските задачи. Во оваа смисла посебна мотивирачка улога имаат раководствата на ограноците. Од тие причини постојано се тежнееше во раководните тела да се избираат инвентивни кадри, кои со своите организаторски способности ќе го покренат пензионерското тело во активна улога заради остварување на интересите на членството.

Кога станува збор за интересите на пензионерите, тие се регулирани во статутот на ЗП, каде што децидно е наведено дека на собирите во ограноците пензионерите ги разгледуваат и заземаат ставови по сите актуелни прашања што се поставуваат на седниците на органите што ги избрале. Исто така, покренуваат иницијатива и даваат предлози за решавање одделни прашања од т.н. животен интерес на членството, ги ангажираат за учество во културно-забавниот и спортскиот живот, одморите и рекреативните движења; спроведуваат хуманитарни активности; го информираат членството за активностите на здружението и друго.

Се поставува прашањето: дали се остваруваат поставените задачи?

Досегашната повеќегодишна практика дава негативен одговор. Зошто? Поради тоа што поголемиот број ограноци ретко се состануваат на собири. Некои тоа го прават од избори на избори. Но, за жал, и оние што одржуваат собири, на нив едвај ќе се забележат по десетина од ограноците со 300 и повеќе пензионери. Тоа се потврди и при предлагањето можен кандидат за наш претставник во собранието на Сојузот на пензионерите на Македонија.

За оваа хронична „болест“ на ограноците се изнаоѓаат најразлични оправдувања. На прво место се наведува дека немаат просторни услови, дека немаат клубови. Се изнаоѓаат оправдувања дека не им се дозволува да се собираат во училишта, урбани и рурални заедници и други простории.

Меѓутоа, овие оправдувања ги демантираат ограноците од Клечовце, Бедиње, Пчиња, Умин Дол. Во исти услови со другите ограноци во нив се чувствува континуирано дејствување, како во одржување собир на пензионерите така и во изведување екскурзии, информирање, колективни посети на концерти, забавни средби, покренување хуманитарни активности и друго. Претседателите на наведените ограноци добија благодарници на свечената седница на ЗП, одржана по повод 65-годишнината, токму поради наведените активности во ограноците. Тие можат да служат за пример дека е можно да се постигаат резултати ако се покаже волја и интерес за остварување на програмираните задачи.

Од ова произлегува заклучок дека не треба да се криеме зад зборовите „нема услови“, но да се мобилизираме во извршување на статутарните обврски. Значи, треба да се зафатиме со ангажирање, зашто само така ќе обезбедиме редовен организациски и осмислен пензионерски живот. Тоа е дотолку позначајно зашто само со активни ограноци ќе имаме активно здружение.

**Спирко Николовски,**
**претседател на Здружението на пензионери-Куманово**



# Бесплатен превоз за пензионерите и во Берово

По Скопје, Битола, Куманово и пензионерите на здружението од Берово во иднина ќе можат да користат бесплатен автобуски превоз. Еднаш во годината пензионерите ќе можат бесплатно да патуваат од своето место на живеење до градот Берово и обратно. Ваква одлука донесоа членовите на собранието на ЗП Берово. Трошоците за овој превоз ќе ги поднесе беровското здружение на пензионери.

Како што истакна градоначалникот на општината Берово, Драган Наџински, кој присуствуваше на седницата на собранието, и општината прави напори да обезбеди уште едно бесплатно патување на пензионерите од селските населби до Берово и обратно.

**Д. Р.**

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат:
Калина Сливовска Андонова и Мендо Димовски од СЗПМ и
Александар Димковски и Марјан Делевски од „Нова Македонија“

ФОТО ВЕСТ

# Осумдесетгодишната Ратка Кипровска се дружи со компјутерот, книгите и музиката

Калина С. Андонова

Се омажив на 20 години. Три мали деца, морав да ја напуштам државната работа. Со тоа го напуштив и сонот за образование, но продолжив да учам заедно со моите деца. Кога ќе ги заспиев децата, читав. Многу сакам да читам, и тогаш и денес. Најстарата ќерка ми носеше книги од библиотека. Многу сакав и да гледам филмови, а и да слушам музика. И денес читам, гледам телевизија, слушам музика, шетам кога не е многу ладно... Најмногу сакам да читам историски книги. Книгите од домашната библиотека речиси сите сум ги прочитала. Гледам романтични, женски филмови. Што се однесува до музиката, сакам секаква музика. Слушам и сериозна и народна, македонска. Најмногу сакам да ги слушам Брамс и Штраус. Слушам на радио, а имам и многу дискови со музика. Се будам и заспивам со музика... Друштво не ми недостига. Ќерките ме посетуваат и се грижат да имам сè што ми е потребно. Никогаш не ми е здодевно! Кога ќе се вратам со мислите назад, се сеќавам само на убавите нешта. Неубавите не ги паметам и не сакам да се сеќавам на нив.

Пред две години научив да користам компјутер. Иако двете помлади ќерки беа скептични, најстарата ме научи! Преку компјутерот си разговарам со нив. Поевтино е. Најстарата живее во Белград. Се слушаме секој ден. На компјутерот слушам и музика. Сè на сè, се чувствувам исполнето. Живеам сама, но и добро е што е вака. Сите си имаме свој живот и свој мир. Заедно сме кога сакаме и кога тие можат. Ме посетуваат и внуците. Имам и правнуче.

